# Упатство до авторите

Сите автори се повикани да ги пријават своите трудови во согласност со темите на Конгресот.
Можно е да се пријават истражувачки и неистражувачки трудови, како и е-постер презентации (електронски постер. Дали авторот ќе се презентира усмено или со е-постер презентација, конечна оценка ќе даде научниот одбор на Конгресот. Абстрактот може да биде напишан на англиски или мајчин јазик, во фонтот „ариел“ (Ariel), големина на букви 12. Абстрактот не смее да содржи повеќе од 300 зборови. Клучни зборови, максимум 5. Во абстрактот, треба да се истакнат следните поднаслови:
**ВОВЕД**
**МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ**
**РЕЗУЛТАТИ**
**ЗАКЛУЧОТ (за истражувачку труд)**

Ако авторите сакаат да пријават прегледен труд, тогаш трудот мора да ги содржи следните поглавја:
**ВОВЕД**
**ЗАКЛУЧОК**

Абстрактот треба да биде доставен најкасно до 15 јуни 2015 година на електронска пошта, **kongres.ohrid@gmail.com).** Кога трудот ќе биде прифатен од научниот одбор, одборот на првиот автор праќа потврда за прием и одобрување на трудот, начин на презентација на трудот, како и повик да се достави целиот труд, не повеќе од 10 страни на А4 формат, големина на Ариел фонт 12, со проред (line spacing) 1.5.

Трудовите ќе бидат штампани во Конгресниот зборник на трудови.
Авторите во целина се одговорни за содржината објавена во трудот. Авторите на трудот и неговата содржина ја предаваат до научниот одбор без претходно објавување на истата содржина на други конгреси, собири, домашни или странски списанија. Ако текстот претходно бил објавен, авторите ќе мораат тоа посебно да го обележат.
Текстот во трудот припаѓа исклучително на самите автори. Кога се цитираат референци, се користи ванкуверски стил. Имињата на авторите треба да бидат напишани под насловот на темата, средина, полно име и презиме, титула и место (име на установа) каде што работи авторот. Ако членовите на научниот одбор утврдат дека се потребни били какви доработки и дополнителни објаснувања поврзани со трудот, сите примедби исклучително ќе се праќаат на првиот автор. Сите трудови во PowerPoint презентација се со времетраење од 15 минути.

## Електронски постер/ е- постер

Електронски постер  или e-poster, претстваува сличен постер на традиционалниот постер од хартија, кој преку видео бим се презентира на бела површина. Е-постерот претставува нов концепт на електронска сликовна форма која е статичка. Тој се презентира преку веќе изработен постер во графички програми (CorelDRAW и Photoshope). Е-постерот може дас е презентира преку USB, DVD/CD, во форма на слика со висока резолуција, JPG или PDF, фонт 12, и големина на е-постер не повеќе од 20mb. При изработка на постерот во дадените програми, дефинираната големина треба да изнесува максимално 1780 x 1000 pixels. Добрата резолуција на е-постерот дава можност, на лесен начин, информацијата да се пренесе до слушателот. Организаторот обезбедува опрема за презентација на е-постерот: лаптоп со оперативен систем Windows 7, видео бим со резолуција 1280x800.